**„Општина Шуто Оризари„**
**„ Komuna Suto Orizari“**
**Република Македонија - Republika Makedonija**

**Бр./ No** 10 - 100/5
30.01. **2019 год./bers**
**СКОПЈЕ- SKOPJE**

Врз основа на член 23 став 1; член 35 став 3 и 46 став 9 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.199/14, 44/15),член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.Весник на РМ" бр.5/02),член 45 став 1 точка 12 од Статутот на општина Шуто Оризари, и донесената Годишна програма за изработување на урбанистички планови на општина Шуто Оризари за 2019 година со Одлука бр. 08-1392/2 од 11.12.2018 година, од Советот на општина Шуто Оризари,Градоначалникот на општина Шуто Оризари го дава следното:

# С О О П Ш Т Е Н И Е

## За организирање на јавна презентација и јавна анкета по Предлог Локална Урбанистичка Планска Документација за изградба на објекти со намена Д3 – спорт и рекреација на КП290, КП291 и КП292 КО Горно и Долно Оризари, општина Шуто Оризари

1. Граници на опфатот се :
- на **запад** границата се движи по западната граница на КП292 и КП290 КО Горно и Долно Оризари, Општина Шуто Оризари;
- на **југ** минува по јужната граница на парцелата КП290 КО Горно и Долно Оризари,Општина Шуто Оризари;
- на **исток** границата се движи по источната граница на КП290 и КП291 КО Горно и Долно Оризари, Општина Шуто Оризари;
- на **север** се движи по северната граница на КП291 и КП292 КО Горно и Долно Оризари, Општина Шуто Оризари.
2. Опфатот е со површина од **3,02** ха.
3. Јавната анкета по **Предлог Локална Урбанистичка Планска Документација за изградба на објекти со намена Д3 – спорт и рекреација на КП290, КП291 и КП292 КО Горно и Долно Оризари**, ќе се спроведе со излагање на Предлог планот во холот на **општина Шуто Оризари, на ден 07.02.2019 во 08:00 часот**, и ќе трае **5 (пет) работни дена** ,**секој работен ден од 08:00 до 16:00 часот, заклучно со 14.02.2019 година**
4. Во спомenатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.
5. Јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден **11.02.2019 со почеток од 10:00 до 11:00 часот** во просториите на **општина Шуто Оризари**.

6. Соопштението за организаирање на јавна презентација и јавна анкета **ќе биде објавено на WEB страната на општина Шуто Оризари www.sutoorizari.gov.mk , на електронскиот систем e-urbanizam како и во дневните весници „Слободен печат“ и „Lajm“.**
7. Контакт информации на следниве телефони, 02/2652-580; 02/2650-584 и електронската адреса info@sutoorizari.gov.mk .

**Градоначачлник на општина Шуто Оризари**
**Курто Дудуш**

_______________________

Kurto Dudush

Digitally signed by Kurto Dudush
Date: 2019.01.30 10:03:00 +01'00'